Стр.

37. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/2936 на Советот од 25 ноември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 за рестриктивни мерки во однос на неодобрените активности на дупчење на Турција во Источен Медитеран...................................... 49

38. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2024/3175 на Советот од 16 декември 2024 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и учеството на Белорусија во руската агресија врз Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/3177 на Советот од 16 декември 2024 година за спроведување на член 8а(1) од Регулативата (ЕЗ) бр.765/2006 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и учеството на Белорусија во руската агресија врз Украина.................. 52

39. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/3004 на Советот од 2 декември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки поради сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2999 на Советот од 2 декември 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки поради сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права……..........…………….. 111

**Огласен дел**............................................. 1-80

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4627.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), донесувам

## У К А З
## ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА НЕРЕЗИДЕНТЕН ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РЕПУБЛИКА АРГЕНТИНА

I

Г. Игор Попов се поставува на должноста нерезидентен вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија за Република Аргентина, со седиште во Бразилија.

II

Министерот за надворешни работи и надворешна трговија ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-1308/1/1
25 ноември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

**4628.**

Врз основа на член 17-р став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на уверението за положен стручен испит за стручно лице за безбедност при работа (во натамошниот текст: уверението).

Член 2

Уверението се издава на образец со А4 формат, кој се печати на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на Уверението за положен стручен испит за стручно лице за безбедност при работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/21).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-5675/1
21 ноември 2025 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.

Прилог

Република Северна Македонија

**Министерство за економија и труд**

# У В Е Р Е Н И Е

## ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

На ______________________________

(име, татково име и презиме)

роден-а на ____________ година во ____________

(датум на раѓање) (место на раѓање)

кој-а на ден ____________ година го положи испитот за:

**СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА**

Место и датум на издавање: ____________

Евидентен број на уверението: ____________

Министер,

____________